РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на првото продолжение на 74-тата седница одржана на 05.09.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 09-7157/1 од 20.07.2022 година против службеното лице -------, член на -----------, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување, бидејќи не се утврди повреди на одредбите од истиот закон.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 20.07.2022 година, доставена е пријава против ----------, член на --------, по што оформен е предмет со број 09-7157/1 од 20.07.2022. Во пријавата има наводи дека лицето ------- од --------- извршува две против законски функции и прикрива зголемување на имот во анкетниот лист. Во пријавата е наведено дека лицето -------- покрај тоа што е член на ----------, во исто време е и раководител на подрачно одделение на Центарот за управување со кризи – -------. По однос на делот од пријавата кој се однесува на зголемувањето на имот на наведеното службено лице, отворен е предмет во Одделението за испитување на имотна состојба и интереси со бр. 08-7168/1 од 21.07.2022 година, каде ќе се испитува овој навод.

По разгледувањето наводите од пријавата кои се однесуваат на кумулација на функции, ДКСК констатира дека во конкретниот случај нема повреда на одредбите од ЗСКСИ, односно Раководител на подрачно одделение на Центарот за управување со кризи – -------- не влегува во категоријата на избрани и именувани лица согласно член 8 став 1 од ЗСКСИ, односно во конкретниот случај не постои повреда на член 44 став 2 од ЗСКСИ.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок од седница на ДКСК,
Изготвил: С.М-советник
Контролирал: К.З-раководител
Одобрил: С.П.Д-член

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска



Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk